Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто и осматаседница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 9 декември 2022 година**

**Скопје, декември 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 9 декември 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 10:15 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа,м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење,м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии,м-р Беким Сали, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика,д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура,м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација ид-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа, Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, како и Реџаил Исмаили,државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Душко Арсовски портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија ичленовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана,Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски иНасер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирањекако и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Кадровски прашања

2. Прашања и предлози

3. Предлог-програма за изменување на Програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2022 година

4. Предлог-програма за поддршка за печатење и дистрибуција на печатените медиуми за 2022 година

5. Извештај за извршени преговори за склучување на Спогодбата за соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за развој на инфраструктурни проекти, логистичка безбедност и ефикасност на транспортна стоки меѓу двете земји, со усогласен текст на Спогодба

6. Предлог- програма за изменување на Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството

7. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2022 година

8. Информација за потребата на доделување на договор влада со влада за ремонт на два хеликоптера Ми-8МТ со регистарски број 305 и 306 помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Чешката Република со склучување на договор влада со влада, со текст на договори

9. Информација за потребата на доделување на договор влада со влада за набавка на хаубици 105мм и муниција 105мм помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Туркије со склучување на Договор со Претседателството на турската одбранбена индустрија (ССБ) на Република Туркије, со текст на договори

10. Предлог-одлука за изведување на вежбовна активност „СЕЕСИМ-22“ во Република Северна Македонија

11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на личен доход,по скратена постапка

12. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност,по скратена постапка

13. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка,по скратена постапка

14. Предлог-одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите

*

*       *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 2**

1. Владата заклучи:

1. Заклучокот по точка 14, Прашање и предлози од Сто и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 декември 2022 година, под бр.41-10829/2, донесен по Барањето на ОлександрОнишченко, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија, се менува и гласи:

1.1 Врз основа на новодоставените докази од Агенцијата за национална безбедност на затворената седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 ноември 2022 година, Владата утврди нова фактичка состојба по однос на Барањето на Олександр Онишченко, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија.“

Согласно доставената документација и утврдената фактичка состојба, се повлекува позитивното мислење на Владата утврдено на 31 мај 2022 година и се утврдува негативно мислење по однос на Барањето на Олександр Онишченко, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи веднаш да отпочне соодветна постапка за поништување на Решението за прием во државјанство на Република Северна Македонија на Олександр Онишченко.

**2.** Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за преземање на мерка во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија.

**3.** Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година.

**Точка 3**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2022 година.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за поддршка за печатење и дистрибуција на печатените медиуми за 2022 година и ја донесе Програмата со заклучок во член 1 износот наместо 10.000.000,00 денари да биде 20.000.000,00 денари.

Средствата во износ од 10.000.000,00 денари Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги обезбеди со пренамена на средства од сопствениот Буџет за 2022 година.

**Точка 5**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори за склучување на Спогодбата за соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за развој на инфраструктурни проекти, логистичка безбедност и ефикасност на транспортна стоки меѓу двете земји и го прифати Извештајот (усогласениот текст со Секретаријатот за законодавство), со следните заклучоци:

1. Владата го разгледа и прифати усогласениот текст на Спогодбата за соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за развој на инфраструктурни проекти, логистичка безбедност и ефикасност на транспорт на стоки меѓу двете земји.

2. Се определува д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата за соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за развој на инфраструктурни проекти, логистичка безбедност и ефикасност на транспорт на стоки меѓу двете земји.

**Точка 6**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството.

**Точка 7**

Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2022 година.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата на доделување на договор влада со влада за ремонт на два хеликоптера Ми-8МТ со регистарски број 305 и 306 помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Чешката Република со склучување на договор влада со влада, со текст на договори и ја усвои Информацијата со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Го утврди текстот на:
- Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Чешката Република за ремонт на хеликоптери управувани од Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и
-Договорот бр.LOM/OU/2022/ P210407 за обезбедување на услуги-ремонт на Ми-8Т хеликоптери на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија за работа бр.LOM/OU/2021/0153.

2. Се овластува Славјанка Петровска, министер за одбрана, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Чешката Република за ремонт на

хеликоптери управувани од Министерството за одбрана на Република Северна Македонија.

3. Се задолжува Министерството за одбрана во име на Владата на Република Северна Македонија во рок од пет дена пред склучување на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Чешката Република за ремонт на хеликоптери управувани од Министерството за одбрана на Република Северна Македонија да ја информира Комисијата за одбрана и безбедност во Собранието на Република Северна Македонија.

4. Се овластува Владимир Анчев, државен секретар во Министерството за одбрана, да го потпише Договорот бр.LOM/OU/2022/ P210407 за обезбедување на услуги-ремонт на Ми-8Т хеликоптери на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија за работа бр.LOM/OU/2021/0153.

## Точка 9

Владата ја разгледа Информацијата за потребата на доделување на договор влада со влада за набавка на хаубици 105мм и муниција 105мм помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Туркије со склучување на Договор со Претседателството на турската одбранбена индустрија (ССБ) на Република Туркије, со текст на договори и ја усвои Информацијата со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Ги утврди текстовите на:
-Договорот за набавка на одбранбени производи и услуги помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија во име на Владата на Република Северна Македонија и Агенцијата за одбранбени индустрии на Туркије;
-Договорот за набавка на хаубици БОРАН 105мм (BORAN 105mm) преку меѓувладин договор од Владата на Република Туркије во финансиската година 202.-202./202.202. Договор бр.MKE/2022/помеѓу MAKİNE VE KİMYA ENDÜSTİSİ A.Ş. (MKE INC.) и Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и
-Договорот помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и ASELSAN ELEKTRONİK SANAYİ VE TİCARET A.Ş, во врска со набавката на системи за команда и контрола на огнената поддршка и придружни услуги.

2. Се овластува Славјанка Петровска, министер за одбрана, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот за набавка на одбранбени производи и услуги помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија во име на Владата на Република Северна Македонија и Агенцијата за одбранбени индустрии на Туркије.

3. Се задолжува Министерството за одбрана, во име на Владата на Република Северна Македонија, во рок од пет дена пред склучување на Договорот за набавка на одбранбени производи и услуги помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија во име на Владата на Република Северна Македонија и Агенцијата за одбранбени индустрии на Туркије, да ја информира Комисијата за одбрана и безбедност во Собранието на Република Северна Македонија.

4. Се овластува Владимир Анчев, државен секретар во Министерството за одбрана, да ги потпише Договорот за набавка на хаубици БОРАН 105мм (BORAN 105mm) преку меѓувладин договор од Владата на Република Туркије во финансиската година 202.-202./202.202. Договор бр.MKE/2022/: помеѓу MAKİNE VE KİMYA ENDÜSTİSİ A.Ş. (MKE INC.) и Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Договорот

помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и ASELSAN ELEKTRONİK SANAYİ VE TİCARET A.Ş, во врска со набавката на системи за команда и контрола на огнената поддршка и придружни услуги.

## Точка 10

Владата ја донесе Одлуката за изведување на вежбовна активност „СЕЕСИМ-22“ во Република Северна Македонија.

## Точка 11

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на личен доход, по скратена постапка и условно го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон, согласно расправата на седницата, да се усогласи со Секретаријатот за законодавство (членови 8, 9, 10 и 26).

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на личен доход, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Данаил Каров, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 12

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка и условно го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон, согласно расправата на седницата, да се усогласи со Секретаријатот за законодавство (член 19).

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Данаил Каров, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 13

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Членот 16 од Предлогот на закон да се измени во насока влегувањето во сила на Законот да биде со денот на објавувањето во Службен весник на Република Северна Македонија.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Данаил Каров, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 14**

Владата го разгледа Предлогот на одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите и ја утврди со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, да достави пречистен текст на Предлог на одлука по извршено усогласување со трезорската евиденција и согласно расправата на седницата на Владата.

2. Пречистениот текст на Предлогот на одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Аница Иваноска-Стрезоски и Тања Трипунова, државни советници во Министерството за финансии.

Истовремено, Владата заклучи буџетските корисници и единки корисници опфатени со Гранскиот колективен договор, потребните средства за исплата на регрес за годишен одмор за 2020 и 2022 година, во нето износ од по 9.000 денари, да ги обезбедат во рамките на одобрениот буџет за 2022 година, со внатрешна прераспределба помеѓу расходните ставки.

За буџетските корисници и единките корисници опфатени со Гранскиот колективен договор кои немаат реални можности да ги обезбедат потребните средства за исплата на регрес за 2020 и 2022 година со внатрешна прераспределба во рамките на сопствениот буџет за 2022 година, истите да се обезбедат со Одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 11:25 часот.

**Заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Tahir Hani**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**